П И С М О Н А Н А М Е Р И

Од **Electrolux** од Битола,фирма која се занимава веке 13 години со производство на детергенти за домакинство и одмастувачи во индустрија,како и средства за перење и дезинфекција на молзна опрема во сточарски фарми,автокозметика ,емулзија за машинска обработка во металска индустрија и др. Мегу другото се занимаваме и со био-технолошки инженеринг и консалтинг во прехрамбено инженерство и индустрија. Во фирмата **Electrolux** се вработени 5 вработени од кои имаме едно лице со висока стручна спремаи тоа дипл.инженер Технолог,двајца се хемиски техничари и двајца се со средна стручна спрема ,кои сите заедно учествуваат во сите производни циклуси во секојдневното производство.

Повеке години работиме на проектот за производство на биодизел гориво,бидејки тргнавме од посебна причина дека во Пелагонискиот регион кој има повеке десетици илјади хектери на плодно замјиште,постојат услови за засејување на маслодајна репка,соја а многу актуелно е и засејувањето на рицинус кој има висок степен на масленост,дури и 70%,и е одлично прилагоден на нашиот Пелагониски регион.Садењето на маслодајна репка и сончоглед веке е традиционално во овој регион.Исто така засејувањето на овие култури како предходници на пченицата,даваат многу погодна почва за добивање на висок принос на пченица после жнеењето на истите.што значи дека овој процес, најмногу му оди во прилог на земјоделците,кои со повеке реколти на мешање на култури,ке заработат повеке и ке имаат мотив за редовно засејување на истите,а одпадокот од суровината исто така може да послужи како сточна храна за крупниот добиток кој во Пелагонија го има околу 70.000 крави.

Што се однесува до нас,имаме направено пилот постројка за производство на био-дизел гориво со фантастични карактеристики,и можеме да се пофалиме дека сме во врвот во Европа за добивање на високо квалитетен био-дизел од обновливи ресурси,кои егзистираат блиску до нас.А одпадокот од процесот на добивање на био-дизелот,глицеролот, го користиме во агрегат за добивање на топлинска енергија за загревање на процесот и сопствено произвотство на електрична енергија,што значи сме независни од надворешно напојување на струја.Просторот кој го имаме за поставување на производниот погон ,се наога на самото место каде што треба да се врши откуп на земјоделските култури и е со површина од 5.000 м2 ,што значи дека трошоците на произвотство се сведени на минимум.До колку постои фирма од ЕУ, која е упатена во оваа проблематика ,може слободно да не посети да поразговараме за заедничко вложување во произвотството на био-дизел гориво од обновливи ресурси,така што со заеднички труд и искуство можеме да постигнеме големи резултати.

Со почит

Electrolux-Bitola